РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2202/1
12-06-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33 - та седница одржана на ден11.06.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 09-3288/1 од 15.12.2025 година, СЕ ОТФРЛА.

Од утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 15.12.2025 година е поднесена пријава против лицето ------------ државен инспектор за труд при Државниот инспекторат за труд Скопје и Претседател на Синдикатот за администрација, државната управа и правосудство на Македонија при Синдикалната организација на Министерството за економија и труд пазарен и трудов инспекторат.
Имено, како државен инспектор за труд лицето ------------ при извршен вондреден инспекциски надзор над правниот субјект ЈП ------------ Скопје а по поднесена претставка од страна на Синдикатот за транспорт и врски со наводи дека работодавачот ЈП ------------ Скопје, на работниците им одбива членарина за Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиство и заштитните друштва на РСМ иако истите немаат потпишано пристапница за членување во истиот синдикат. Согласно извршениот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

надзор инспекторот донел Решение со кое се опоменува одговорното лице на субјектот да ги отстрани недостатоците и неправилностите кои што се утврдени при извршениот надзор и да престане да им врши задршка од плата без нивна согласност. Понатаму, при извршен контролен инспекциски надзор од страна на инспекторот ------------ кај правниот субјект ЈП ------------ Скопје донесено е Решение со кое се наредува на одговорното лице на правниот субјект да ги отстрани недостатоците и неправилностите кои што се утврдени во вондредниот инспекциски надзор а во врска со задршката на плата на вработени кои немаат пристапница за членство на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиство и заштитните друштва на РСМ.

Против Решението – опомена поднесена е жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка по работен однос и инспекциски надзор во втор степен од страна правниот субјект ЈП ------------ Скопје и по однос на жалбата, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен има донесено Решение ИП2 бр. 1201-76 со кое решение, жалбата на правниот субјект ЈП ------------ Скопје изјавена против решението од Државниот инспекторат на трудот при ДИТ се одбива како неоснована. При контролниот надзор е констатирано дека одговорното лице на правниот субјект нема постапено по решението - опомена и за утврдените неправилности инспекторот за труд донесува ново Решение со кое му се наредува на работодавачот ЈП ------------ Скопје, на работниците кои немаат пристапница за членство во Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиство и заштитните друштва на РСМ да престане да им врши задршка од плата без нивна писмена согласност, согласно член 111 од Законот за работни односи.

Во однос на горенаведеното пријавителот смета дека кај инспекторот ------------ несомнено постои судир на интереси бидејќи тој е Претседател на Синдикатот за администрација, државната управа и правосудство на Македонија при Синдикалната организација на Министерството за економија и труд пазарен и трудов инспекторат кој е гранков синдикат на Конфедерација на слободни синдикати, бидејќи истиот има донесено Решение со кои СО на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиство и заштитните друштва на РСМ при Јавно претпријатие ------------ Скопје е ставен во неповолна положба во однос на Самостојниот синдикат за транспорт и врски гранков синдикат на Конфедерација на слободни синдикати кој има синдикална организација во наведеното претрпијатие.

По разгледување на пријавата, Државната комисија оцени дека кај пријавеното лице не постои состојба на судир на интереси во смисла на членот 2 став 3 од Законот за

спречување на корупцијата и судирот на интереси и нема постапување спротивно на забраните за вршење на други дејности предвидени со член 44 од истиот Закон.
Врз основа на наведеното ДКСК не утврди постоење на приватен интерес кај наведеното службено лице. Имено, лицето кое е посочено во пријавата е вработено како државен инспектор за труд при Државниот инспекторат за труд Скопје, членувањето во синдикална организација е доброволно и претставува здружување со цел остварување на заедничките интереси на сите членови.
Оттука, по разгледувањето на предметните наводи не се констатира постоење на приватен интерес како околност што би довела до состојба на судир на интереси, поради што ДКСК констатира дека во конкретниот случај нема елементи за понатамошно постапување согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради остварувањето на своите економски и социјални права, граѓаните имаат право да основаат синдикати и да се зачленат во синдикат по сопствен избор.
Синдикатот е самостојна, демократска и независна организација на работниците во која тие доброволно се здружуваат поради застапување, претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други поединечни и колективни интереси. Согласно Законот за работните односи, работниците имаат право по свој слободен избор, да основаат синдикат без какво било претходно одобрување и да се зачленуваат во него пропишани со статутот или со правилата на тој синдикат.
Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar